**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за верификација, мандатни прашања, признанија, претставки и поплаки

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Советот на Град Скопје

**ПРЕТСТАВНИК:** Анета Марковска Илиевска
Претседател на Комисија за верификација, мандантни прашања, признанија, претставки и поплаки

# П Р Е Д Л О Г- О Д Л У К А
**за изменување на Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите**

Скопје, декември 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24), а во врска со член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 12/09, 53/11 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19 и 122/21) и член 48-б од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје” бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22) Советот на Град Скопје, на ___ седница, одржана на ____2025 година, донесе

**Одлука**
**за изменување на Одлуката за формирање на**
**Комисија за унапредување на правата на пациентите**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во член 2 став 2 точката 2 се менува и гласи „Бинаса Етеми“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-
декември 2025 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
проф. д-р Даме Димитровски

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24),Советот на Град Скопје носи прописи од своја надлежност.

Согласно член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 12/09, 53/11 150/15 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19 и 122/21), Комисијата за унапредување на правата на пациентите, се состои од единаесет члена и тоа: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение која се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од Советот на Град Скопје.

Мандатот на членовите на Комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

Согласно член 48-б од Статутот на Град Скопје(„Службен гласник на Град Скопје” бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22) Одлука за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите донесува Советот, по предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, признанија, претставки и поплаки.
Комисијата за верификација, мандатни прашања, признанија, претставки и поплаки го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на членовите на Советот, здруженијата на пациенти, невладините организации што се занимаваат со човековите права и граѓанските иницијативи.

Поради одржувањето на локалните избори и изборот на нов состав на Советот на Град Скопје на членовите на Комисијата за унапредување на правата на пациентите делегирани од Советот на Град Скопје по сила на закон им престана мандатот.

Согласно горе наведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите.